# SWOOD - комплетно решение во индустријата за мебел и ентериер




SWOOD е сеопфатно решение за компјутерски потпомогнато проектирање (CAD) и компјутерски потпомогнато производство (CAM), развиено за да се задоволат специфичните предизвици на дрвопреработувачката индустрија. Интегрирани во SOLIDWORKS®, специфичните карактеристики на решението се фокусираат на три чекори од процесот на обработка на дрво: проектирање, производство и автоматизацијаи обезбедува беспрекорен проток на информации во секоја фаза.

Решението што го нудиме ги обединува сите фази во животниот циклус на вашиот производ или проект. Линијата на трансфер на проектот од еден тим кон друг "Проектирање > Конструкција > Производство > Продажба" обично е болна точка бидејќи најчесто поединците и тимовите користат различни решенија за да ја завршат работата и да ја продолжат понатаму. При ваков начин на работа, секое различно барање, секоја промена, било каков проблем во било која фаза, расте и се прелева на повеќе тимови, оптоварувајќи ги ресурсите и има директно влијание на ефикасноста.







Деални информации за SWOOD

# SWOOD Design - ефикасно параметарско моделирање на мебел, ентериери и дрвени конструкции

## Дизајнирајте го вашиот производ преку совршена 3D комуникација



Комуникација со клиентот преку скица што може да биде 3D модел и преку **управувањето со материјалите** за избор на дизајнот, бојата, ориентацијата на годовите, текструрите.

Од **SWOODBox** преку “drag and drop” функцијата се внесуваат и параметарски се прилагодуваат едноставно потребните компоненти, окови за склопување на производот.

**Изглед на производот** е со лесно прегледни детални 3D модели

**Интегриран во SolidWorks 3D CAD** и друг софтвери за добивање професионални фото и видео рендери (сликата е генерирана со SolidWorks Visualize)

## Swood Design - Сè што ви треба за комплетен проект

- брзо и лесно параметарско проектирање
- библиотеките на моделите се подготвени да бидат изменети според новиот проект
- библиотеки од сите водечки производители на оков со интегрирана пратечка геометрија и G-кодови за производство (дупки, засеци, отвори)
- библиотеки за материјали, текстури, ориентации, кант траки.
- стандардни елементи за редимензионирање - фиоки, врати, лизгачки панели.
- визуелизација директно од 3D CAD моделот, основна или професионална преку рендерирање со користење на SolidWorks Visualize софтвер
- BOM листа на материјали и оков за брза пресметка на трошоците и за набавка
- извештаи по желба...



**SWOOD и водечките производители на оков и работни елементи**

Blum, Grass, Festool, LockDowel, Hettich, Lamello, IF, LMC, OVVO..

**SWOOD Design** веќе ги содржи сите готови елементи што влегуваат во мебелот и внатрешните склопови, а со **SWOOD CAM**, секој елемент се пропагира во 3D модел за програмирање на CNC машини. Монтажата е совршено едноставна, прецизна и целосно предвидлива, како во испораката така и при монтажата на терен.

Повеќе информации за SWOOD Design

# SWOOD CAM програмирање CNC машини за обработка на дрво и постпроцесори за сите истите

**SWOOD CAM** е софтвер од портфолиото на SWOOD наменет за машинска обработка и производство на сите CNC машини во една работилница или производствен погон. Ги преведува сите параметри на проектот, од 3D модели до податоци, во документи и CNC програми наменети за производство. Врз основа на препознавање на обликот и стратегии за обработка специфични за дрво, SWOOD го дава одговорот за точка-до-точка и нестинг.



Повеќе информации за [SWOOD CAM]

## Организирајте го производството со SWOOD CAM

- Кројни листи и програмирање машини
- Автоматско дефинирање на технологијата, програмирање на CNC машините и планирање на календарот за испорака и монтажа без можност за грешки или
- недовршени детали.
- Готови библиотеки на машински режими и CNC машини
- Автоматско препознавање на детали, оптимизација на работната површина, обработка во повеќе позиции и операции.
- Готови постпроцесори – **[SWOOD поддржани CNC машини]**
- Создавање на сите документи за производство
- Едно решение за сите операции за сечење, дупчење, гравирање.
- Автоматска оптимизација на плочите и препознавање на ориентацијата на текстурата за CNC обработка
- Етикетирање на панелите
- Извештаи според желбите на корисникот,

# Нестинг модул за кројни шеми

Решение за кројни листи со голем број на клучни придобивки за критичните барања што гарантираат ефикасност




- Управување со мали делови
- Автоматско етикетирање на делови
- Оптимизација на користењето на плочите
- Групирање на делови според парчињата за мебел
- Управување со различни плочи
- Брза рачна поправка
- Директен извоз во CAM.
- Едноставност при користењето
- Фино подесување на алгоритмот за постојано подобрување на ефикасноста на работата

Повеќе информации за SWOOD NESTING